**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Седмото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 септември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,03 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љупчо Мешков, Љубисав Иванов-Ѕинго,Стојан Андов, Ана Андова, Томе Тромбев, Тасим Сулејмановски, Ванчо Ѓоргиев, Абдулади Вејсели, Јани Макрадули, Каролина Ристова, Ванчо Стаменков, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулаќим Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Јусуф Арифи, Али Ахмети, Назми Беќири, Фазли Велиу, Аднан Јашари, Гзим Острени, Недим Рамизи, Ејуп Рустеми, Селвије Салиу, Семјал Хасани, Хусеинџевад Хусеини, Агим Џелили, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 37-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Овој закон е предложен од група пратеници.

Молам од пратениците кои се предлагачи кој ќе биде овластен претставник? Госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева, дали другите се согласувате? Во ред.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Борис Кондарко.

Има проблем со техниката, со пријавувањето.

(Реакција од страна на пратениците).

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, во врска со текот на расправата и одлучувањето по оваа точка од дневниот ред Предлог за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи овој закон е предложен од група пратеници на Собранието на Република Македонија кој се однесува на пролонгирање на веќе донесениот закон од пред неколку години, пролонгирање на неговото стапување во сила, Владата односно Министерството надлежно за финансии достави негативно мислење, јас како пратеник од СДСМ, согласно ставот на партиското претседателство, а и согласно расположението на повеќето пратеници од пратеничката група на СДСМ, претпоставувам за повеќето, а за мене сигурно дека ќе го почитувам мислењето на Владата дека не треба да се поддржи овој закон од група пратеници и со тоа да се одложи стапувањето во сила на новиот закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Меѓутоа повеќе од процедурален аспект и од морален аспект кон јавноста, бидејќи јас како пратеник и повеќето пратеници од СДСМ нема да го поддржиме овој закон од група пратеници односно ќе го почитуваме негативното мислење на Министерството за финансии и Владата, сметам дека во ваква ситуација е потребно во Парламентот да се појави најповиканиот министер за финансии во врска со овој закон и да даде свое образложение пред јавноста зошто е негативно мислењето односно зошто не треба да се поддржи овој закон, бидејќи ние како пратеници го почитуваме мислењето на Владата и така ќе постапиме при гласањето, меѓутоа да не испадне после на крајот како во некои изјави на министерот да испаднат 120 пратеници неморални, а само еден министер високоморален.

Затоа сметам дека министерот за финансии треба да се појави во Парламентот и да даде образложение пред јавноста, посебно за оние категории на граѓани кои ќе бидат засегнати со примената на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување односно, бидејќи е извесно, согласно политичкиот став дека од принципиелни причини не треба да се поддржи одложувањето на неговата примена поради причини што од стручен аспект секако е компетентен да ги објасни единствено министерот од аспект на финансиските текови и импликациите врз Буџетот на државата.

Затоа уште еднаш предлагам тоа да го направи во оваа расправа министерот за финансии односно евентуално доколку има услови расправата да се одложи до неговото појавување во Собранието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Само да ве информирам ова е закон кој е предложен од група пратеници. Членовите на Владата се поканети согласно Деловникот за работа и нивно право е дали некој ќе присуствува или не. Не е предложен од страна на Владата и од одредени министерства.

Продолжуваме со работа. (Дофрлување од место). Ве молам без дофрлување, ние продолжуваме со работа, а право е на секој пратеник да побара да биде присутен одреден министер, а дали ќе присуствува, тоа е нивно право.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

(Реакција од страна на пратениците бараат да се даде збор на овластениот предлагач).

Молам, јас давам збор редоследно како се пријавени. Прашав кој е овластен предлагач, вие се согласивте дека е госпоѓа Крепиева, госпоѓа Крепиева не беше пријавена за збор. Доколку другите и го отстапуваат, ако се повлекува госпоѓа Бонева...

**Силвана Бонева:** Бидејќи немаше картичка госпоѓа Крепиева, таа нека земе збор.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева има кој да се грижи за редот. Доколку вие се откажувате од збор на ред е госпоѓа Крепиева, а вие кога ќе се пријавите ќе дојдете на ред. (Пак реакција од страна на пратениците). Ве молам, без довикување . Предлагачи се група на пратеници. Меѓу предлагачите е и госпоѓа Бонева. Може слободно да се откаже и да го отстапи местото на госпоѓа Крепиева.

Има збор госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе, ако предлагачите се согласија госпоѓа Крепиева да биде таа која од име на предлагачите е овластен претставник треба да го образложи закнот, а сите други да се приклучиме. Мислам дека треба да се запази редот, госпоѓа Крепиева имаше проблем со картичката, таа да настапи, па понатаму ние како што бевме пријавени, а не да трчаме кој како го стиснал гласачкото копче, односно копчето за пријавување.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева ако сакате по тој редослед тогаш јас не сум виновен што дел од вас се пријавија, па се одјавија. Имате редослед, можете да се пријавите повторно да барате збор, а следна за дискусија е госпоѓа Крепиева.

Има збор Силвана Бонева. (Реакција од страна на пратениците). Госпоѓо Бонева сакате да дискутирате или не?

**Силвана Бонева:** Сакам господине потпретседателе, меѓутоа, сепак треба да се почитуваме едни со други. Ние како овластени предлагачи се согласивме госпоѓа Крепиева да биде овластен предлагач од сите нас да го образложи предлогот. Но, тоа не значи јас да бидам последна, бидејќи се пријавив регуларно. Ниту се пријавував ниту се одјавував, па да ме ставате последна.

**Слободан Најдовски:** Тоа е во ред што вие го кажувате, но и вие сте еден од предлагачите кои имаат право да се јавите за дискусија.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, бидејќи не се согласивме околу тоа кој прв ќе зборува со потпретседателот на Собранието, сосема накратко ќе го кажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ зошто го поддржавме Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон. Со овој Предлог на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување се предлага измена на членот 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. За да биде појасно членот 30 од спомнатиот Закон гласи:

"Осигурениците кои на денот на почетокот на примената на овој закон имале најмалку исполнет пензиски стаж од 35 години маж односно 30 години жена, правото на старосна пензија го стекнуваат по условите утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување"- "Службен весник на Република Македонија", со многу измени од 1993 до 1997 година.

Како што е познато од 1.09.2005 година престанаа да важат условите за пензионирање што беа утврдени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа 60 години возраст за жена и 63 возраст за маж со 20 години работен стаж односно 35 години стаж жена и 40 години стаж на маж, без оглед на годините на возраст.

По 1.09.2005 година работниците во Република Македонија ќе можат да се пензионираат само по основ на возраст. И тоа 62 години жена и 64 години маж со минимум 15 години работен стаж.

ВМРО-ДПМНЕ чии пратеници се дел од потписниците на Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување го поддржува донесувањето на овој закон заради следното:

Прво, како резултат на ликвидирањето на голем број компании има многу невработени работници на евиденција во Агенцијата за враотување кои се пред пензионирање, но не можат да го исполнат условот по стариот закон за одреден покус или подолг временски период. Се работи за работници со над 50 годишна возраст на кои со новото законско решение што стапи на сила на 1.09.2005 година ќе им се продолжи времето за пензионирање.

На пример работник кој на 20 септември 2005 година полни 40 години стаж, а е на возраст од 59 години треба да чека уште пет години за да го оствари правото на пензија. Од ваквата ситуација се поставуваат повеќе прашања како овој работник ќе преживее до 64 годишна возраст со некоја симболична сума што ја добива од Агенцијата за вработување.

Понатаму, овие лица не можат да најдат ново вработување затоа што работодавачите бараат млади работници од 25 до 30 годишна возраст. Поголемиот број од нив заради претрпените шокови од прогласувањата на технолошки вишок и губење на работните места се со нарушено здравје и ги немаат потребните психофизички способности за работа и со оглед на тоа што ја имаат возраста се помалку продуктивни и работодавачите во секој момент чекаат да се ослободат од нив и да ги заменат со млади работници. На тој начин тие живеат под постојан стрес. Економската состојба во државата е исто така тешка, невработеноста е голема, па ако за младата популација во државата нема работни

места и не можат навистина да обезбедат вработување, за оваа категорија работници кои се пред пензија да чекаме тие да бидат вработени, тоа е апсурд.

Точно е дека со ова ќе се оптовари Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, меѓутоа ако државата не може да обезбеди работа, барем треба да изнајде можности тие да се пензионираат заради тоа што и без тоа тие луѓе се социјални случаи и за нив државата како социјална држава мора да се грижи. Со оглед на ниските пензии што ги добиваат пензионерите, просечната пензија на Република Македонија е 59,3% од просечната плата во 2004 година, тогаш сметаме дека нема да биде тешко да се изнајдат дополнителни средства.

Почитувани колеги, со пензионирањето на овие луѓе сметаме дека ќе добијат минимум социјална сигурност, а тоа е можно само доколку сите ние пратениците во Парламентот на Република Македонија дадеме поддршка за донесување на овој закон односно за пролонгирање на важноста на Законот за пензиско и инвалидско осигурување за две години.

Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој закон.

**Слободан Најдовски:** Јас имам реплика.

Со оглед на тоа што не можам од технички причини од место да се пријавам. Најмалку сакам да и реплицирам на госпоѓа Бонева затоа што сметам дека ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по ова прашање овде треба да го изнесе лидерот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски и со него да полемизирам околу две работи.

Мојот став околу ова предложено решение ќе го искажам подоцна, но претходно мислам дека треба да се разјасниме. Постојано оваа власт е напаѓана дека не е реформска, дека претходната Влада била многу реформска. Меѓу другото пред мене го имам Предлогот на закон кој Владата на ВМРО-ДПМНЕ во која Никола Груевски беше министер за финансии го предложила до овој Парламент и Парламентот го изгласал во 2000 година. Меѓу другото пишува вака: Исполнувањето на целите ќе резултира со позитивни ефекти за функционирање на пензискиот систем и за економијата во целина. Тогаш го дале тоа образложение. Пишува дека по разговорите и консултации што ги обавиле со Светската банка дошле до решение дека во Македонија мора во 2005 година да се пензионираат мажите со 64 години, а жените со 62 години. Јас ги прифаќам мислењата на сите овие колеги предлагачи на овој закон и за тоа можеме да разговараме. Но, крајно неморално е госпоѓа Бонева во името на оние кои го донеле овој закон овде да ни прави жалопојки и да ни кажува како тие тогаш биле реформски и тогаш сметале дека ова мора да се направи во Република Македонија, а како сега оваа владеачка гарнитура не мисли на тие луѓе.

Затоа реков не сакам да и реплицирам на госпоѓа Бонева, треба господинот Груевски да дојде овде и да каже кога мислеше реформски тогаш кога го носеа овој закон, кога преговараше со Светската банка, бидејќи така е напишано во Предлогот на законот кој го доставиле тогаш до Собранието или сега кога сака исклучиво во политизација на овој случај и заради свои политички поени да го застапуваат ствот на ВМРО-ДПМНЕ.

Дами и господа, реформи не се прават ако во моментот онака како што сметаме дека ќе добиеме повеќе гласови добро е така да направиме. Очигледно ВМРО-ДПМНЕ 2000-та година кога преговарале со светската банка го издоговориле ова, а сега треба товарот ние да го понесеме и сето она во нивната дискусија да биде префрлено на оваа власт.

Затоа прашувам кога ја зборуваа вистината тогаш или сега. Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ беше вистинска реформска Влада. Беше прогласена Република Македонија за лидер на реформите во Југоисточна Европа. Не е точно дека не била реформска таа Влада, ако не беше немаше да се потпише Спогодбата за стабилизација и асоцијација и од тие причини Владата презела обврска да работи реформски. Меѓутоа, од 2000 до 2005 година поминале пет години. Три години се зборува само за реформи, а ништо не се прави. Наместо да се намали бројот на невработените во државата се зголеми бројот на невработените. Така што уште помалку имаат можност оние кои останале без работа да можат да бидат вработени со оглед на тоа што младите се невработени во оваа држава. Значи, Владата тогаш мислела реформски и работела реформски, меѓутоа вие ништо не направивте за овие три години за реформскиот курс да го продолжите.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Ќе ја искористам репликата да апелирам дека соглсано Деловникот, членот 84, предлагачот веднаш штом ќе побара збор треба нему да му се даде збор и не е можно сите да се предлагачи, туку оној кого ќе го избереме. Затоа мислам дека беше посоодветно Благородна Крепиева да зборува прва.

Но, сега во однос на репликата. Вие сте во позицијата да можете први да реплицирате, па дел од мојата реплика зедовте.

Законот што сега се обидува дел на ВМРО-ДПМНЕ да го брани, бидејќи тие што се потпишани тука не им верувам, можам да му верувам на господинот Манев, не можам да им верувам на оние другите што се потпишани, како за оној претходниот закон, па после го сменија мислењето. Значи, за дел од ВМРО-ДПМНЕ да ги потсетам дека овој закон, вака, го предложил

ВМРО-ДПМНЕ. Тој се обврзал, кога мислеле дека се реформски, тоа да го направат. Но, за жал, реформите се гледаат по една од мерките,дали имате договор со ММФ и Светската банка.

Вие, во 2002 година не можевте да направите договор со ММФ и Светската банка, затоа што ниту можевте да ги исполните сите критериуми и услови што ги поставуваа, а и ви требаа, да бидете малку послободни и покомотни пред изборите, да можете тогаш да потрошите малку повеќе, без контрола на некој друг од страна.

За разлика од тогаш, сега не само што имаме договор со ММФ и Светската банка, туку цело време напредуваме во скалилото кон постабилна макроекономска политика.

Второ, да не ги доведуваме во заблуда луѓето дека ова е нешто поврзано за да се добие егсистенција. Луѓето добиваат сега плата. Таа плата ќе биде повисока од нивната пензија што сега сакате вие да ја добијат. Значи тие не се луѓе кои немаат егзистенција во Република Македонија. Напротив, тоа се луѓе кои добиваат плата и согласно законските норми во Република Македонија барате да добијат пензија, што е помала по сума од она што е плата.

Затоа, да не зборуваме за шокови и реформски потези, затоа што уште се луѓето во шокови од 1998 до 2002 година од владеењето уште ги држи тоа работниците. Туку, да се потсетиме уште еднаш, законот тогаш го предложил ВМРО-ДПМНЕ како реформски, а сега водиме чиста и гола политика.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контра реплика на пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Макрадули, вие водите три години само чиста, гола политика. Ништо не правите за сиромаштијата во Република Македонија, ништо не правите за оние луѓе за кои што заборавивте. Овој закон не е само за оние кои се на работа. Овој закон е и за луѓето кои се на Бирото за вработување, кои имаат доволно години за никој да не ги вработи во оваа држава, а пак немаат доволно години стаж, односно години старост за да може да отидат во пензија. Вие заборавивте на тие луѓе кои за жал се социјални случаи во моментот во државата а треба да бидат згрижени со една минимална пензија.

Заради тоа се залагаме овде и за сите оние работници кои имаат над 60 години, кои неможат повеќе да работат, условите за работа се тешки и мора да бидат пензионирани. Како што овде се донесе, пред некое време Закон за бенефиции, така сега треба да донесеме закон кој што ќе...

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Мингова Крепиева Благородна.

Повелете госпоѓо Мингова.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Почитуван потпретседателе. На почетокот имав намера процедурално да ви забележам. Му благодарам на колегата Јани Макрадули што ви укажа на деловничкото прекршување.

Само уште една напомена, дека околу работата на техниката сепак, вие треба да се грижите. Најмалку некој пратеник е виновен ако не функционира системот во оваа сала.

Почитувани колеги и колешки...

**Слободан Најдовски:** Се извинувам, ќе ве прекинам госпоѓо Мингова...

**Благородна Мингова - Крепиева:** Ме прекинувавте неколку пати денеска, ќе ви го дозволам и ова.

**Слободан Најдовски:** Момент, воопшто не сум јас одговорен за техниката. Не знам како вие сте притискале, еве сега е се во ред. Јас дадов збор на еден од предлагачите. Повелете, продолжете.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Мислам дека доволно ви објасни колегата Макрадули и ви посочи кој член од Деловникот. Ќе имате време да го прочитате, па мислам дека во иднина нема да ги правите истите грешки.

Почитувани колешки и колеги,

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од март 2000 година, воспоставен е и новиот повеќеслоен пензиски систем, при што основен критериум за остварување право на старосна пензија е возраста и постоење на минимум стаж од 15 години. Со овој закон донесен во претходниот состав трајно се изостави можноста за остварување старосна пензија со навршување одредени години пензиски стаж, без оглед на возраста.

Исклучок беше направен во членот 30, според кој осигуреник жена која на 1 септември 2000 година имала најмалку 30 години стаж, односно маж со најмалку 35 години, право на старосна пензија да можат да остварат со навршување на 35 години, односно 40 години стаж без разлика на возраста.

Образложението за ваквите промени на условите беше очекуваното зголемување на траењето на животот на населението а со тоа и очекуваното времетраење на користење на старосната пензија. И тогаш беа бројни реакциите на граѓаните на ваквите решенија, а ако се потсетиме имаше и организирани протести од страна на Синдикатот, но без разлика на сето тоа тој закон беше донесен точно онака како што вели и мојот колега Макрадули, како реформи.

Оваа година притисоците да остане можноста да се остварува старосна пензија по основ на стажот, добија во својот интензитет како се прилижуваше критичната дата, 1 септември 2005 година.

Тргнувајќи пред се од основната обврска на пратениците, да претставуваат трансмисија меѓу

барањата на граѓаните и за истите да расправаат токму во овој наш Парламент, група пратеници меѓу киј морам да кажам најголемиот број се пратенички, доставија Предлог за донесување на закон за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, со кој се предлага накратко, уште две години да се остави можноста старосната пензија да се оствари и врз основа на стажот.

Причините за оваа наша иницијатива беа следните:

Како прво, веќе споменав дека имавме притисок на јавноста, бројни беа барањата, дописите со огромен број на потписи од граѓаните упатени до Клубот на парламентарци.

Втора важна причина, беше фактот дека и во остварувањето на реформите на пензиско-инвалидскиот систем се доцни. Имено, одложено беше задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, кое требаше да започне во 2003 година, две ипол години пред да заврши можноста, согласно членот 30, да се пензионираат одредени граѓани по основ на стажот. Исклучокот кој беше даден со тогашните измени во Законот за пензиско-инвалидско осигурување, а факт е дека вториот столб ќе започне да функционира од јануари 2006 година.

Потоа, предлагачите се водеа од дел од компаративните податоци за времетраењето на поместувањето на старосната граница во земјите на транзиција, кој период се движи некаде 9, 10 и 11 години, па ќе ми дозволите од мноштвото примери само да споменам неколку. Бугарија ќе заврши со овој процес до возраста за жени од 60 години, во 2009 година. Да кажеме, Латвија ја започнала оваа промена во 1988 година, а ќе заврши со зголемување на 62 години за жени, во 2008 година. Литванија оди со старосна граница до 60 години, започнала од 1994 година и следната година по 12 години го заклучува овој процес. И да не ги споменам и нашите соседи и земји од регионот каде се многу пониски и овие старосни граници, особено она што како парламентарци го проучувавме, а тоа е годините на старос за заминување во пензија на жените од овие земји во, да кажеме во Албанија тоа е до 55 години, Хрватска е 58 со можност до 2008 да се зголеми на 60 години и така натаму.

Во најголемиот број на западни земји, старосната граница за жени е 60 години. Најавено е зголемување на старосната граница во Австрија и Англија, но истото ќе започне во Австрија 2024 година и ќе трае до 2034 година. А во Англија зголемувањето на старосната граница, ќе се случи во 2020 година.

Мислам дека можам да набројувам уште многу податоци и состојби, не само во земјите на транзиција, туку и во западните земји и дека Македонија се наоѓа во оние земји кои ја имаат земено скоро највисоката граница за можност за одење во пензија на жените.

Значајна причина за покренување на оваа наша иницијатива е и, едноставно кажано хуманиот пристап кон ова прашање. Се работи за вработени кои, кога ќе ја достигнат возраст 62 односно 64 години ќе имаат некои од нив 44 години, 45 години стаж, затоа што тоа е генерација што веднаш се вработуваше после оформувањето на своето образование. Поточно, најголемиот број се вработени на 18 -19 години, не користејќи ја и онаа можност со 16 години да се работи во текстилната индустрија, во градежништвото и тогаш таа бројка е навистина огромна како стаж.

Дел од нив работат на работни места што по својот опис се категоризирани како тешки физички работи и спомнав дека тоа е најчесто градежната, текстилната, хемиската и другите индустрии. Тие ќе треба да работат до 45-тата година. За можност, без ризици да ги извршуваат своите работни задачи, јас нема да говорам повеќе и да одземам внимание, во нашиот состав на Парламентот има голем број пратеници од медицинската струка кои имаат искуства на овој план и сигурно тоа ќе го кажат многу подобро од мене.

Уште една дополнителна причина е и прашањето на високата стапка на невработеност. Тука морам да кажам, не земајќи голем број на западно-европспки држави дека во некој од нив, токму социјалните системи биле менувани, односно по брзото пензионирање, во периоди кога стапката на невработеност била висока, говорам за нивни критериуми, а не за стапка што е присутна во Македонија скоро во целиот период на транзиција, имајќи предвид дека Македонија и во процесот на транзицијата влезе со многу висока стапка на невработеност.

Без да ме обвините дека ќе звучам патетично, но сепак мислам дека нашата млада генерација заслужува шанса, па макар и 3.000 и 5.000 колку места ќе се ослободат на овој начин, со поголема енергија и поголем квалитет да ги извршува работните задачи на работните места што ќе ги ослободат нивните родители.

Предлагачите, исто така ги имаат предвид и податоците од Агенцијата за вработување, од што произлегува дека приближно 7.000, нешто под 7.000 од над 13.000 кои ќе имаат можност да го користат ова право во овие две години се корисници на надоместок по основ на невработеност, средства што исто така се издвојуваат од Буџетот. За волја на вистината, мора да кажеме дека шансите на тие луѓе за повторно вработување не дека се минимални, туку никакви.

И сега би сакала, за да не биде дека само говориме без ни малку чувство на одговорност за законите што ги носиме во Собранието и за ништо што ја става оправданоста за донесување на овој закон под прашање, а тоа е финансиското прашање. На Фондот, дополнително ќе му требаат нешто над 2 илјади милиони денари за, велам под услов сите над 13 илјади кои имаат

можност да ја користат оваа шанса да ја искористат. Овие средства дополнително ќе треба да се обезбедат од Буџетот, за што, како пратеници, ќе треба да бидеме свесни, за обврската што ја преземаме при носењето на буџетите, особено во наредните две - три години.

Како што реков пред тоа, дел од овие средства веќе буџетски се издвојуваат за надоместок по основ на невработеност, така што оваа бројка ќе се намали. Но, како предлагачи, кога се решивме за овој закон, прашањето на финансирањето сметавме дека треба да се бара и во подоброто менаџирање со Фондот, треба да се подобри собирањето на средствата, уплатувањето на придонесите за ПИО во висина на реалната плата, бидејќи знаеме дека сепак е присутна праксата да не се плаќаат придонесите во висина на вистинската реална плата, туку на минималните примања што се определени со закон.

Потоа, пријавување на сите вработени кои работат нелегално, за што мислам дека се отвора работа и за инспекциските органи, но и за Фондот што во своја задача ја има и обврската да го контролира прибирањето на средствата.

На крајот, сакам да кажам дека идејата да се пролонгира за две години можноста за заминување во пензија по основ на стаж, за што бевме критикувани што значат тие две години и после две години повторно ќе дојде некоја генерација на која тоа ќе и треба, сметаме дека овие години треба да се искористат за донесување на нов закон за пензиски систем во Македонија, затоа што сегашниот од 1993 година има толку бројни измени, што се сомневам дека и правниците и експертите тешко се снаоѓаат во него. Но, и за градење на еден автохтон пензиски систем што во себе ќе ги вгради и работниот стаж, но и старосната граница како можност за заминување во пензија, согледувајќи ја целокупната ситуација во државата и да ја даде можноста за избор што го очекуваат и осигурениците, бидејќи постојат различни категории на вработени. Од оние вработени на тешки физички работни места и оние вработени, чија интелектуална способност, со пролонгирање на старосната граница на живеење понагоре, ја имаат можноста уште да придонесат не само на своето работно место, туку и за државата. Таква некоја категоризација треба да се направи. Овие две години оставаат простор да изградиме таков пензиски систем кој ќе одговара на секој граѓанин.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам на госпоѓа Мингова Крепиева.

Од пријавените во меѓувреме, да не е некој за реплика? (Не е)

Тогаш продолжуваме.

Има збор пратеникот Прешоски Коста.

Повелете господине Прешоски.

**Коста Прешоски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиско-инвалидското осигурување се предвидува продолжување на старите услови за пензионирање. Тоа значи дека осигурениците кои во наредниот период од две години, заклучно со 1.09.2007 година би имале исполне пензиски стаж од 40 години за маж, односно 35 години за жена, ќе може да се стекнат со право на старосна пензија.

Со ова се дава можност на оние осигуреници кои сакаат да се пензионираат по старите услови за пензионирање тоа да го направат доброволно заклучно со 31.08.2007 година. Во овој временски период од две години ќе може една категорија на работници со работен стаж од 35 години за жени и 40 години за мажи, по овој основ да заминат во пензија. Оваа можност ќе можат да ја искористат и лицата кои примаат паричен надоместок по основ на осигурување во случај на невработеност.

Ако некој се вработил многу млад, а најчесто е тоа во текстилната, градежната и друга дејност и до 1 септември оваа година му недостасувале само неколку месеци или пак многу често неколку денови до остварувњето на пензија со работен стаж од 35 години или 40 години, сега ќе треба да работи додека не наполни 62 години живот за жена или 64 години за маж, за да се пензионира

Тоа од друга страна значи дека ваквите работници ќе треба да доработуваат уште од 5 до 9 години. Што значи ова продолжување на примената на старите услови за пензионирање? Со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување донесени пред 5 години односно во време кога парламентарно мнозинство имаше ВМРО-ДПМНЕ кои измени целосно стапија во сила на 1 септември оваа година, со што условите за пензионирање драстично се изменија и тоа на штета на постарите работници односно на истите кои се вработија многу млади во индустриските гранки, што пред малку ги спомнав. Тогаш недоволно се водело сметка дека една категорија на работници ќе мора во сегашната ситуација да работат повеќе од 35 години во однос на 40 години за да се стекнат со правото на старосна пензија. Работата во овие трудоинтензивни индустриски гранки, како текстилната, градежната итн, бара исклучителна физичка подготвеност и максимална концентрација. Работа во стоечка положба, за која сите ќе се сложиме дека е доста напорна. Затоа, работејќи од година во година, остварувајќи ги работните норми, овие работници го дале својот максимум од себе по своето здравје по развојот на нашето општество, свесни дека нивниот труд се вреднува и дека државата во одреден момент мисли правично, ќе се сети на нив и ќе го врати долгот кон нив со усвојувањето, нормално, на оваа иницијатива. Тоа се работници со поминат пензиски стаж, со нарушено здравје и неповолна квалификувана структура. Но, неминовниот процес на промени на организирањето и функционирањето на државата,

придонесе добар дел на осигуреници годинава да не дочекаат да го остварат своето право на пензионирање4. Затоа, најголем дел од нив со право се упатија во канцелариите на пратениците да ги кажат своите размислувања и да не потсетан нас колеги пратеници, дека има уште еден механизам за нивна заштита, а тоа е токму усвојувањето на оваа иницијатива. Јасно е дека при имплементацијата на ваква иницијатива ќе се соочиме со потребата од обезбедување на финансиски средства. Но, верувам дека со добра координација на соодветните министерства во Владата и пензискиот фонд ќе се изнајде прифатливо решение за оваа категорија осигуреници. Со прифаќањето на овој закон ќе се создадат услови за да се вработат млади лица. Со тоа ќе се ублажат состојбите во фирмите со изменетата старосна структура на вработените. Ефектите ќе бидат повеќекратни, поголема ефикасност, продуктивност, инвентивност и економичност во работењето, а со тоа и забрзан економски развој на нашата држава. Значи, вложените средства за евентуалното пензионирање на оваа категорија на осигуреници ќе бидат повеќекратно вратени и со тоа што старосната и квалификационата структура на вработените во дадените години ќе биде подобрена односно ќе имаме вработени повеќе млади и стручни кадри. Ние како пратеници често зборувајќи по одредени законски проекти зборуваме со аргументи изразени со бројки. Но во овој случај зад секоја бројка стои некој наш сограѓанин, комшија, граѓанин на Република Македонија. Ова го зборувам во името на моите засегнати сограѓани кои ме побараа во мојата канцеларија и кои во овој момент не следат преку собранискиот канал. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Прешоски.

Има збор господинот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека предлогот кој што е доставен до ова Собрание од страна на група пратеници е целисходен предлог од повеќе причини.

Прво, тоа се однесува на начинот односно неподготвеноста на Владата на Република Македонија за целосна имплементација на решението кое што, како што слушнавме и претходно, беше донесено уште пред 5 години и требаше да почне да функционира од 1 септември и профункционира од 1 септември оваа година. Меѓутоа, фактот дека останаа голем број прашања нерешени, фактот кој што покажува дека Владата не беше во целост подготвена за имплементација на ова законско решение, дава за право да се потврди целисходноста на овој предлог на колегите пратеници. Дополнително кон ова може да се додаде и тоа што овој предлог не дава облигаторни задолженија за оние кои ги исполнуваат тие услови да мора да заминат во пензија, туку остава простор да се почитува и ова решение кое што во овој момент почна да се имплементира од 1 септември, а тоа е да им се даде право на избор на оние вработени кои ги имаат исполнето условите согласно сегашниот Закон, доколку сакаат да го остварат правото за пензија, а оние кои не го сакаат тоа да можат да го реализираат согласно новите законски решенија.Ова сигурно нема да претставува толку многу голем проблем за пензискиот фонд, ниту пак за Владата на Република Македонија, затоа што ако земеме да се анализираат овие бројки и податоци, ќе се види дека Владата овде има само интерес доколку се остави само простор од л2 години во кој што ќе се надминат проблемите кои што произлегуваат од имплементацијата на решението кое што сега во сила.

Затоа, сметам дека Владата при давањето на негативно мислење нема земено предвид повеќе аспекти на овој проблем, а особено се однесува на импликациите за оние лица кои меѓувреме ќе го остварат правото на пензија кое што беше предвидено согласно досегашниот Закон и нема и нема да одат во пензија, што тоа би значело. Значи, тука посебен проблем кој што не е решен воопшто со досегашните законски прописи, претставува и прашањето на оние лица кои користат бенифициран работен стаж, затоа што и самото постоење на бенифицираниот работен стаж значи основа за предвремено пензионирање односно потврда дека тие лица работат на тешки сложени работни услови кои што не им дозволуваат да ги обавуваат со успех работите од работното место на поголема животна возраст односно им дава право со помалку години живот да можат да го остварат правото на пензија. Затоа, сметам дека Владата немала предвид при давањето на негативното мислење дека овие лица за кои се однесуваат овие измени, како што и претходно кажаа колегите пратеници, не само во поглед на возраста, туку и во поглед на квалификационата структура, се разбира тука е и здравствената состојба нивна, меѓутоа што тоа ќе претставува не само за нив, туку и за фирмите во кои тие работат. Значи, доколку фирмите во кои што работат овие лица, а фирмите како што дискутиравме на претходните седници, се оптоварени со голем број давачки во државата, со еден неповолен економски амбиент за нивната работа, ова е единствено што може да претставува за нив тоа е дополнителен удар врз нивното профитабилно работење. Зошто го зборувам ова? Затоа што оние фирми кои што имаат вработено лица кои се на оваа возраст на која што се однесува овој Закон ќе мораат за тие лица, бидејќи не ќе можат објективно да ги остваруваат работите и работните задачи на работните места на кои што работеле дотогаш или да им наоѓаат нови работни места каде што би нашле некаков ангажман овие лица или што е многу понормално, да речам, во овие услови кои што ги гледаме до денес, да ги прогласат за технолошки вишок. Тоа може да значи дополнителен товар за буџетот на Република Македонија, затоа што лица кои заминуваат како

технолошки вишок дефинитивно согласно постојните законски прописи имаат право на надоместок за време на нивната невработеност односно до пензионирање во некои услови, при исполнување на одредени услови и на тој начин фактички оние средства за кои што сега ние дискутираме, оние за кои што Владата вели дека тоа би претставувало проблем за буџетот ќе мора да ги даваме овој пат не како пензии, туку како надоместок во случај на невработеност. Тоа е едната страна која што претставува заштеда на средства од буџетот, можност на фирмите со одењето во пензија на овие лица да ангажираат лица кои ќе значат максимален придонес кон нивното нормално функционирање и профитабилно работење и од друга страна тоа ќе значи можност за понормално работење на тие фирми.

Како втор аспект кој што треба да се земе предвид при кажувањето на Владата дека овој предлог за измена на Законот не бил за усвојување, претставува и она што долго време наназад оваа Влада вели дека претставува реформа на јавната администрација. Таа реформа на јавната администрација се сведе на отпуштање на вработени кои еден период беа 4% во пооделни министерства, после имаше јавни претпријатија итн, кои што значеа намалување на бројот на вработени во државната и јавна администрација, во јавните претпријатија, затоа што тие претставувале голем товар за буџетот на Република Македонија. Е, па, господа од Владата кои не сте присутни тука имате сега можност на природен начин, на нормален начин да овозможите намалување на бројот на вработените во јавната и во државната администрација, во јавните претпријатија. Ова, особено, се однесува на МВР каде што практично имаме огромен дел од вработените во ова Министерство кои се со бенифициран работен стаж односно секоја година стаж добиваат уште по 3 месеци нов стаж, заради сложеноста и ризиците кои што произлегуваат од обавувањето на нивните работни задачи. Тоа дефинитивно ќе значи можност за Владата на Република Македонија да се ослободи од вишокот на вработени во овој дел, зборувам и во МВР и во другиот дел во државна и јавна администрација и во јавните претпријатија каде што се смета дека постои преработеност. Затоа, ова еден нормален начин за надминување на ситуацијата во која што Владата преку најразлични програми ќе мора истите овие лица наместо по природен пат да одат во пензија, ќе мора да ги прогласува за технолошки вишок и на тој начин да се ослободува од овие лица. Значи, не се бара ништо повеќе, туку да се направи нешто што претставува една нормална ситуација, ситуација во која што намалувањето на бројноста на прекубројноста во државната и јавната администрација ќе оди по еден природен пат. Тоа секако значи намалување на расходите во буџетот, затоа што знаеме дека платите кои ги земаат овие лица кои се вработени во овие институции значат товар на буџетот по тој основ.

Одтука, сметам дека она што е предложено не претставува нелогична работа, претставува сосема нормална работа, треба да биде поддржана и да им се даде можност преку усвојувањето на овие законски измени на Владата на Република Македонија да го реши прашањето што со оние лица кои работат на градежни работи. Што со оние лица кои се се помалку, меѓутоа постојат, а се занимаваат со рударство, рударите кои досега користеа бенифициран стаж. Што со оние лица кои работат на вакви сложени, тешки работни задачи, а кои што објективно не можат да ги оствaруваат до 64 годишна возраст, туку нивниот работен век завршува неколку години пред тоа. Нека ги реши Владата овие прашања и тие мора да ги реши со некои специјални закони кои ќе се однесуваат на овие лица, затоа што не постои друг начин за обезбедување на заштита на овие лица. Тој рок нека биде овие две години во кои што ќе се предложат тие закони, ќе се усвојат во Парламентот, ќе се реши прашањето со овие лица. Како што кажав претходно по еден друг основ ќе се намалат расходите кои што произлегуваат од буџетот на Република Македонија, а оние лица кои што сакаат да одат во пензија по старите услови за овие две години да можат нормално да си заминат и тоа фактички ќе значи односно нема да значи никаков дополнителен товар ниту за буџетот на Република Македонија, ниту за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што не може на товар на овие лица кои не претставуваат голем број да се свали целиот товар кој што произлегува од проблемите со кои што се соочува овој Фонд во поглед на средствата кои што се потребни за намирување на пензионерите во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Има збор пратеникот Анастасовски Иван.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседател, колеги пратеници, господа предлагачи.

Вака би почнал. Пред извесно време ми дојде еден пријател и ми вели, Иван, јас да доживеам 64 години старост, па и не ми е потребна пензија. Јас сосема се слагам со изреката на мојот пријател и затоа ќе ви одземам дел од вашето ценето време да прокоментирам по однос на предложениот закон што е пред нас, бидејќи се работи за 2 члена и може во кратки црти да се образложи зошто би требало да се прифати ова законско решение. Нормално, постојат аргументи зошто да се прифати, постојат аргументи против. Јас против аргументите само ги слушнав кај одредени колеги во вид на реплика. Од друга страна според мојот впечаток според она што го слушнав од претходните дискутанти, расправата се движи во позитивен правец и сите дискутанти, како што забележав, позитивно се изјаснуваа по однос на предложениот закон.

Она за што јас мислам дека треба да се поддржи ова законско решение би го аргументирал во три до четири наводи од кој дел би кажал и некои примери кои лично сум ги сретнал во мојот живот и кој кај мене се рефлектирала позитивна реакција од тоа што сум видел.

Членовите на Комисијата за образование, наука и спорт неодамна бевте гости во Кемал Јаја, образовниот центар во Скопје на покана на директорот на таа образовна институција и на нашиот престој таму од одприлика 1 час и повеќе, имавме можност да влеземе во просторијата каде што работат и творат наставниците од тој колеџ. Кога влеговме внатре видов млади луѓе. Веднаш го запрашав директорот дали ова се вашите ученици. Директорот рече не, ова се нашите наставници. Па, добро како изгледаат учениците? Тој ми даде кратко образложение и вели Иван, кај нас после 45 годишна возраст наставниот кадар го пензионираме. Тие имаат опции по нивното пензионирање од државата да добиваат одредени средства. Јас верувам дека колегите од Комисијата се сеќаваат на оваа средба. Државата на една исплата, на месечна исплата или на годишна исплата им одобрува на наставниот кадар кој ќе го пензионира после 45 годишна возраст да си се снаоѓа во некоја друга бранша. Прашувам од кои причини е тоа така. Тука е процесот на стагнација на луѓето и веруваме во тоа дека треба да настапи млад кадар кој ќе ни даде соодветно и квалитетно образование на идните генерации. Јас тоа го прифатив според мене како позитивно и верувам во квалитетот на образовниот процес натаа образовна институција во Република Македонија. Тоа го земам како аргумент за да го прифатам ова законско решение.

Од друга страна предлагачот даде свое образложение и даде своја квалитетна аргументација и мотивите од кои се воделе. И, притоа кажа како е таму каде што ние се стремиме и како е во земјите членки на ЕУ, бидејќи ние сакаме да бидеме дел од тој свет. И објаснив како Република Бугарија го има елегантно решено тој проблем. Како Латвија го има елегантно решено тој проблем. Понатаму, да даде свое образложение како Австрија планира да го надмине тој проблем. Значи, сепак, тоа е издржан аргумент каде што би требало и нашите колеги пратеници да размислуваат позитивно во однос на ова законско решение. Јас го прифаќам како такво.

Заложбата на Република Македонија да направи млада, професионална, ефикасна администрација и тука во оваа заложба јас го гледам истото.

Мислам дека лошо е, да се изразам така, за една држава ако социјалните проблеми ги решава на еден ваков начин. Одредена категорија на луѓе да мора да ги пензионира за да настапат некои нови луѓе кои треба да дојдат на нивните работни места. Тоа го гледам негативно по однос на ова што е предложено пред нас денес. Меѓутоа, верувам дека севкупно земено ќе има позитивни ефекти ова што предлагачите денес го имаат предложено пред нас. Меѓутоа, сакам искрено да апелирам бидејќи овде се спомнува кој е реформатор, кој не е, какви треба да бидат реформите, какви не, искрено верувам дека дел од предлагачите, а голем е бројот, јас не го видов вториот дел кои дополнително, најверојатно мотивирани од некои свои побуди и гледам дека се работи за голем број на пратеници кои дале поддршка на овој проект, а од друга страна слушнав дека претходниот реформски закон го донеле луѓето од ВМРО-ДПМНЕ, од кои некои се претставуваа како квалитетни реформатори.

Од друга страна јас искрено апелирам до господата реформатори од ВМРО-ДПМНЕ, најверојатно нема сега да се предомислите и повторно да гласате против потписот кој го имате ставено по однос на ова законско решение. Се надевам дека тоа нема да го направите и сега бидејќи сериозноста кај луѓето пред се се гледа врз она на што ќе се потпишат, стојат цврсто зад тој потпис. Јас лично не сум се потпишал позади ова, јас се чувствувам како реформатор и ќе гласам за ова законско решение. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

За реплика нема.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Досега беа кажани доволен број образложенија и аргументи зошто овој закон е значаен и зошто овој закон треба да се поддржи. Беа кажани главно од колегите кои што го потпишаат Предлогот на овој закон.

Јас ќе се задржам само на неколку аргументи за кои што мислам дека не беа спомнати, или можеби не беа доволно нагласени.

Зошто мислам дека овој закон е потребно да се поддржи.

Прво, затоа што ќе овозможи дел од вработените наши сограѓани што во овие две години ќе го исполнат условот од 35 години стаж да го фатат условот и да одат во пензија под еднакви услови како и нивните сограѓани кои што тоа можеа да го направат до 1 септември оваа година. На тој начин ќе се изедначат со правата и едните и другите граѓани и нема да бидат дискриминирани вторите. Тоа ќе биде особено значајно за оние работници кои што работат во тешки услови и кои што се со намалена работна способност. Мислам дека тоа ќе биде значајна придобивка за нив, наместо да чекаат да ги исполнат високите старосни граници кои што сега веќе важат.

На овој начин ќе ги добијат истите права како нивните сограѓани и практично како што на ист начин започнале да работат, на ист начин, во исти услови работеле под исти услови ќе одат и во пензија. Тоа е логично, тоа е коректно, тоа е фер

и мислам дека ќе го зголеми чувството на правичност и на можност за правичност на нашето општество.

Вториот аргумент поради кој што сметам дека треба да се поддржи овој закон е тоа што тој ќе овозможи дел од вработените кои што за овие две години ќе го исполнат едниот услов од 35 години стаж да можат да одат во пензија достоинствено токму како нивните сограѓани кои што не ја имале несреќата да останат невработени и на улица во поодминати години.

Третиот аргумент поради кој што сметам дека треба да се поддржи овој закон е можноста за отворање нови работни места за помладите генерации.

Четвртиот аргумент поради кој што сметам дека овој закон треба да се прифати е тоа што на овој начин ќе се намали разликата помеѓу нашите услови за транзиција и некои други земји, затоа што очигледно дека нашите услови за транзиција кои предвидуваат само 5 години транзиционен период за овие клучни реформи во ваков деликатен сектор се далеку од она што значи пример во светот каде што транзиционите периоди се движат од 10, 15 па дури и 20 години. Колешката Мингова тоа многу добро и детално го образложи. Сите тие податоци беа елаборирани на повеќе собири на кои што можевме да присуствуваме и тоа се факти, конкретни факти.

За мене не држат образложенија дека ова мора да се направи како дел од реформите. За мене реформите не значат збир од постапки што ќе засегнат што повеќе луѓе. За мене реформите треба да се прават со што помала штета, значи да се води особено сметка за социјалниот аспект за да засегнат што помалку луѓе.

Понатаму, за мене не држат зборовите со кревање раменици што да правиме, ова е грешка направена во 2000 година. Точно, ова е направена грешка кога очигледно не се водело сметка за овој транзиционен период и кога очигледно не се земале предвид можностите дека во следните пет години економската ситуација во Македонија може да се заостри до тој степен да не може да се обезбеди елементарна егзистенција кога веќе еднаш ќе се изгуби работно место.

Меѓутоа, ние сме сега повторно еден нов парламентарен состав еве веќе три години и ние имаме можност да ја поправиме грешката од 2000 година. Доколку не го сториме тоа ние ќе направиме нова грешка, втора грешка 2005 година и во таков случај некој нема да може да не ослободи од одговорноста за тоа.

Почитувани колеги, јас сум во принцип против праксата кога во име на вакви или онакви реформи луѓето остануваат на улица без покритие. За мене се цинични забелешките дека тоа се прави за да се стимулираат да бараат повеќе работа. Тоа би било можеби и можно теоретски во некои земји со развиен пазар на трудот и со развиена економија, меѓутоа во наши услови кај недоволно развиен пазар на трудот при економија ваква каква што е тоа е едноставно и теоретски невозможно.

Овој закон свесна сум дека не може да ги реши сите проблеми на сите граѓани кои што во моментов имаат нерешен социјален статус, нерешена егзистенција. Ќе останат уште наши сограѓани кои што нема да бидат опфатени ни по овие две години и доколку го усвоиме овој закон. Ќе останат и такви кои за малку ја пропуштиле старосната граница, меѓутоа со прифаќањето на овој закон може да се реши барем дел од проблемите. Тој може да ја намали штетата и да го намали бројот на луѓе што се наоѓаат или ќе се најдат во тешка состојба.

Почитувани колеги овој предлог закон го потпишавме колеги од различни политички опции и овој закон јасно е сосема дека не разликува ни политичка партија, ни национална, ни верска припадност. Ова е едноставно закон кој што е едноставно човечки, ги засега луѓето и јас би апелирала да го прифатиме и едноставно да им помогнеме барем на дел од нашите сограѓани кои што го чекаат ова. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска. Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

За да не се повторувам бидејќи сите аргументи беа искажани во дискусиите на колегите кои што претходно земаа збор и речиси сите кои што дискутираа се едногласни во ставот дека е потребно пролонгирање посебно од потписниците на овој Предлог на закон.

Јас на почетокот би сакала да истакнам дека реформи во пензискиот систем се потребни и дека Република Македонија и Владата и Парламентот треба да работат понапорно во тоа да овие реформи ги забрзаат и да бидат така структуирани и во интерес и на осигурениците и во смисла на обезбедување на поголем број на работни места посебно за младите стручни кадри.

Меѓутоа, сепак сметам дека кога се донел овој Предлог на закон, преурането е донесен и дека периодот 01.09.2005 година по сите анализи кои што ги имавме како предлагачи на овој закон, од кои еден сум и јас, сметавме дека е краток период и дека треба да се пролонгира за најмалку од две години. Можеби ова после две години ќе се покаже како недоволно, дека требало да се реагира со пролонгирање на рокот до 2010 година, како што госпоѓата Крепиева во своето излагање ги даде податоците за одредени европски земји кои што станаа и членки на Европската унија, се обврзаа да донесуваат исто така реформски закони.

Меѓутоа, јас би сакала да кажам дека секогаш мора да постои праг и граница кога се одредуваат временските рокови. Со анализите кои што се направија ние сметавме дека тоа треба да биде за две години имајќи ги во предвид сите

аргументи и факти кои што и во претходните дискусии беа изнесени.

Навистина сметам дека со примената на овој закон од 01.09.2005 година голем број на осигуреници не можат да ги остварат правата на лична пензија, потенцирам за лична пензија за неколку месеци од 2005 година, а ќе се пролонгира тоа пензионирање за најмалку 8 до 15 години. Ова го зборувам за онаа категорија на осигуреници која што работи, работела во исклучително тешки услови. Пред се овде станува збор за луѓето од сферата на рударството кои што имаат и бенифициран стаж, а земајќи го во предвид што се случи со нашите рудници, посебно со оние со подземна експлоатација и во градот Пробиштип, од каде што доаѓам јас, меѓутоа и во останатите градови тој број на такви осигуреници се движи некаде просечно околу 150 до 200. Значи, за тие категории на вработени луѓе.

Ако се земе предвид од анализите кои што се направени дека просечниот животен век на еден рудар е некаде 55 до 60 години можеме сите да бидеме свесни дека тие луѓе и во овие услови тешко остваруваат право на лична пензија. Значи, се остварува правото на семејна пензија и тоа не се така ниски пензии, меѓутоа можноста да се добие лична пензија е навистина реткост. И ако тоа го пролонгираме понатаму значи не можеме да ги доведеме во ситуација со стаж кога може дел од нив да се пензионираат земајќи во предвид дека користат и бенифициран стаж со најголем број на месеци на бенифиција во таа категорија речиси ниту еден човек од овие може да се случи да не земе своја лична пензија на 64 години.

Кога се донесувал законот можеби биле поттикнувани од тоа дека животниот век се продолжува, меѓутоа во услови во кои што денеска ние живееме во Република Македонија животниот век на таа категорија на луѓе кои што останаа без работа не да не се продолжува, туку се намалува.

Постојат и категории на осигуреници кои што не доаѓаат од тешката индустрија, меѓутоа работат исто така во исклучително сложени услови каде што старосна пензија од 64 години е незамисливо да се земе. Јас не сум стручњак од таа област, меѓутоа како пример би ги земала луѓето кои што работат во балетот. Замислете вие луѓе во балет да можат да работат ефективно до 64 години. Зарем ќе мораме ние да ги вклучуваме во сите тие услови и едноставно да ја пролонгираме таа старосна граница.

Тоа не е децидно напишано и затоа јас сакам да потенцирам дека не можеме да имаме само еднострано гледање на работите. Има пензиски системи каде што не се прифаќа само старосната граница, туку за категоризација на луѓе и за одредени професии не се зема и бенефицираниот стаж, туку порано одење во пензија за да се отворат работни места за помладите генерации на млади стручни кадри.

Но ефектите од примената од овој закон ќе се рефлектира и во други сфери. Со продолжување на правото за повторно вработување или пензионирање преку центрите за вработување, продолжување на правата за социјална парична помош, прекку регионалните центри за социјална работа и ќе се зголеми невработеноста бидејќи нема да доаѓа до упразнување на работни места.

Со еден збор ќе се полни Фондот за пензиско - инвалидско осигурување за сметка и оптоварување на Министерството на труд и социјална политика, Министерството за здравство или поточно оптоварување на Буџетот на Република Македонија.

Од овие причини и од они што претходно беа кажани сметам дека овој закон со ставање во сила од 01.09.2005 година треба да се пролонгира за најмалку две години за да се истегнат горе наведените последици кои покасно како такви би уследиле.

Од тие причини јас ќе го поддржам овој закон и како еден од предлагачите и поголемиот број на пратеници од Либерално-демократската партија ќе дадат поддршка на ваквиот Предлог на закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници,

Би сакала неколку збора да кажам околу Предлогот за изменување и дополнување на законот за пензиско инвалидско осигурување, за кој Либералната партија ќе даде поддршка.

Кои се причините кои не мотивираа за поддршка?

Со донесувањето на Законот за пензиско инвалидско осигурување односно со отпочнување на реформите во пензискиот систем во 2000 година беше предвиден транзиционен период од 5 години кој требаше да сигнализира дали се е преземено и подготвено за транзитирање на оваа сфера.

Според тогашното видување и проекции во сегментот на економија каде што имавме позитивни трендови секако дека беше предвидено и ценето дека период од 5 години е доволен за транзитирање и преоѓање на пензионирање со старос имајќи предвид она што значат европски стандарди.

Меѓутоа во овој транзиционен период на Македонија и се изнаслучуваа многу работи кои секако не го заобиколија овој сегмент и имаат силно влијание, кои продуцираат многу луѓе да останат без своите работни места, а притоа да немаат доволно стаж, или да им фали уште малку стаж да се пензионираат. Сега во моментот кога треба да функционираат одредбите од тој нов закон дојдовме до заклучок дека транзициониот период е краток и треба да се продолжи уште две години, затоа што целата реформа на пензискиот

фонд некако задоцни и се одложија многу работи. Притоа не сакам да ги споменувам сите оние настани што ни се случуваат 2001 и по 2001 година кои си имаа свои реперкусии во сегментот на економијата. Затоа треба го поддржиме овој Предлог за изменување и дополнување на законот и да го продолжиме транзиционият период уште две години, до 2007 година, каде што ќе може да се пензионира односно ќе се дозволи можноста да се пензионира и по основ на стаж. Притоа би сакала да потсетам дека ние во меѓувреме, пред неколку месеци извршивме измени и на Законот за осигурување во случај на невработеност каде што ги подигнавме годините на старост, значи за оние кои ќе останат без работа поради транзиција или поради стечај итн, паричниот надоместок кој ќе го добиваат од државата наместо на 55 години до нивно повторно вработување, или до нивно пензионирање од 55 го подигнавме на 59 години. Со тоа на многу им ја скративме можноста да имаат можност за егзистенција до постигнување на годините на старост за остварување на пензија.

Со поддржување на овој Предлог на закон многу од овие луѓе кои земаат надоместок заради нивна невработеност ќе си одат во пензија и ќе се ослободат значајни средства по овој основ.

Ценејќи го и анализирајќи го она што како мислење го достави Владата дека само економските реперкусии врз Буџетот се причина поради кои таа не даде позитивно мислење на законот, еве јас давам некои мои видувања како може да се поправи таа состојба и да се приберат средства, нормално со разумно работење.

Исто така би го спомнала новиот Закон за работни односи кој неодамна гоизгласа ова Собрание и кој одлично отвора можност за поефикасен пристап во борбатата против она што го викаме работење на црно. Работењето на црно кај нас е забележителна појава, а Законот за работни односи дава можност за високи казни во борбата против работењето на црно односно да се поправи состојбата во овој сегмент и што поголем број работници да можат пензиски и здравствено да се осигуруваат од страна на нивните работодавци. Значи со поголема инспекциска контрола во сегментот на работење на црно и те како ќе се зголеми бројот на осигурениците во Фондот за пензиско осигурување од каде ќе имаме поголем прилив на средства за да може оваа категорија на луѓе на кои се однесува овој закон, да одат во пензија со 35 години работен стаж жена односно 40 години маж. Барем уште 2 години. Притоа да кажам дека овде се работи за категорија на граѓани кои целиот свој работен век го поминале, скоро целиот, во сознание дека со остварување на 35 години работен стаж за жена односно 40 години за маж, ќе одат во пензија и сега се исправени пред една нова ситуација, неподготвени, дека старосната гаранца од 62 и 64 години ќе биде услов за нивното пензионирање. Многу од нив се истрошиле во своето работење, бидејки поголемиот дел од тие генерации рано се вработувале, со оглед на состојбите кои владееле тогаш и се оставени во еден расчекор, да чекаат до 62 односно 64 години старосна граница. Добар дел од нив се невработени затоа што во транзицијата многу од нив ги загубија своите работни места, а добар дел од нив не можат ни да го остварат правото на осигурување во случај на невработенсот, бидејки немале 59 години старост кога отишле во стечај, или примале надомест само една година, како што предвидува законот за помладите осигуреници.

Ако ги земеме предвид сите овие работи и се она што до сега беше искажано, треба да го пдоржиме овој Предлог за измени и дополнување и да го продолжиме транзициониот период уште за 2 години односно оваа преодна одредба, за уште 2 години, да се пензионираат по основ на стаж, а во меѓувреме, навистина да размислиме за она штокако предлог дојде од госпоѓа Мингова, можеби за редефинирање на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и да се види по кои основи и кои работни места можат да одат со старосно пензионирање и каде, според работните места, се потребни одредени бенефиции за да може луѓето да достигнат старосната граница од 62 и 64 години, со нормално работење и да остварат пензија.

Со оглед на тоа што и реформата на пензискиот фонд ќе финишира во 2007 година, сосема е логично и преодниот период да трае до 2007 година, а тука како поддршка би кажале дека сите оние земји кои извршија реформи во пензиските системи, одеа со преодни периоди дури од по 10 и 15 години. Ние проектиравме 5 години, сметајки на брза и ефикасна реформа, меѓутоа не можевме да ги проектираме сите оние непредвидени случувања што во овие 5 години ни се случуваа и секако имаа реперкусија врз економските збиднувања на сржавата. Затоа, ние ќе дадеме подршка на овој предлог за измени и дополнувања на законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Петковски Тито.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Најнапред сакам да кажам дека праксата која што ја воспоставивме во Парламентот кока доаѓаат иницијативи од пратениците, како предлози за донесување на закони, дефинитивно треба да престане и секогаш кога има ваков проект, ресорниот минситер и други министри од Владата мора да бидат тука.

Јас минатиот пат кога реков дека имаме "своја Влада", уште еднаш се потврди тоа. Владата си даде свое мислење и мисли дека има свои пратеници овде кои во секој случај ќе го пдоржат ова што во писмена форма Валдата го дала како мислење. Токму заради тоа што станува збор за

едно прашање кое зад себе повлекува материјални и финансиски обврски на државата, токму заради тоа мора да биде овде ресорниот минситер и таа дебата меѓу пратениците и Владата да оди кон изнаоѓање на решение кое ќе биде најоптимално и кое ќе може да се покрива од Буџетот.

Пратениците кажаа, еве госпоѓа Мингова на почетокот, меѓу другото призна дека нема во Предлогот за донесување на закон, во делот за финансирање, од каде ќе се финансира, но Владата е таа која може да изнајде позиција и што е најважно, во рамките на Буџетот ќе издвои приоритет.

Јас мислам дека едно од приоритетните прашања за кое треба да ја анимираме Владата е токму решавањето на овој проблем, бидејки сметам дека е приоритет во денешните реформи што ги спроведува Република Македонија, особено транзицијата која бесконечно долго трае 15 години. Таков пример во Европа, ве уверувам, не постои. Нема земја која толку долго ги спроведува реформите, приватизацијата и т.н. Не е тоа адресирано ниту на една Влада, тоа е наша заедничка слабост. И претходната и оваа Влада, многу, многу долго се размислуваа околу приоритетите и динамиката на спроведувањето на реформите. Не треба во фазата на овие рефомри односно транзицијата, жртви о беспомошни да бидат само работниците. Товарот на нашата транзиција и реформите, мора да биде рамномерно распореден за да не се чувствуваат тие социјални тензии.

Едно од прашањата кое е приоритетно, а ако градиме социјална држава е токму ова, амортизацијата и елиминирањето на социјалните тензии за реформтие луѓето да ги почувствуваат како своја потреба. И императив, не постои закон кој може совршено да направи рамнотежа на сит еинтереси на општеството. Треба да настојуваме да носиме закони кои, како што рекоа двајца дискутанти овде, помалку луѓе ќе оштетат односно нема да направи неправда, или, ако ништо друго во малку поравноправна положба да ги доведува граѓаните на Република Македонија. Впрочем, едноод основните наши уставни премиси, или ако сакате основно начело е дека Република Македонија се определи да гради социјална држава, а не држава на социјални случаи и ако има социјални случаи да ги решава на системски начин. Едно од прашањата што заслужува внимание е токму ова.

Јас ќе ви наведам само еден апсурд. Еве и вчера бев, нека звучи демагошки, на разговор во Штип со дел од избирачи. Бев и со стечајни работници пред месец дена. Човекот има уште 11 месеци човекот за да може да оствари право на пензија по стариот Закон. Тој нема 60 години сега. Треба да чека уште 5 или 6 години, место да може со 11 месеци, ако се продолжи рокот на важењето на стариот Закон, да го оствари правото на пензија. Значи тој е доведен во страшно лоша положба како граѓанин на Република Македонија. Според тоа, беше укажано тука, јас не сакам да ги повторувам зборовите што одат во прилог на донесувањето на овој закон, дека треба да воведеме инструмент на прилагодување на законот, а тоа значи рокот на прилагодувањето на примената на законот, за да внесува равноправност меѓу граѓаните, треба да биде малку подолг. Токму од тие причини сметам дека елиминирањето на ваков апсурд и други што ви ги спомнав и особено заради тоа што може само да се продолжи рокот на примената на еден закон, јас мислам дека ќе треба да смогнеме сили да го донесеме овој закон и граѓаните да ги ставиме во равноправна положба.

Јас сум убеден дека за една категорија граѓани, дали станува збор за 7 илјади или 13 илјади, немаме квантификација, со луѓето од Владата тука можеме и со бројки да седнеме да се договараме, мислам дека државата може да најде начин на многу побезболен начин да го реши прашањето на овие луѓе. Ако сакате, тука има и една морална димензија.

Ние како пратеници, решавајќи си го на најквалитетен начин нашето прашање, донесувајќи Закон со 25 години стаж да можеме да одиме и под такви услови, во пензија, барем малку да имаме морална обврска кон граѓаните, да им вратиме на начин на кој ќе ја подржиме оваа иницијатива, бидејки зад неа стојат и огромен број работници, а не само оние што овде станаа кои се најмногу засегнати, да речеме женското лоби кое првично го покрена овој закон. Значи, покрај, за мене,правниот аспект каде не псотои правен проблем, постои проблем од материјално финансиски аспект, да ги извлечеме квантификацииите, да видиме што добива, што губи државата и дали навистина не можеме да обезбедиме средства, а да не се доведе во прашање реформскиот карактер на законот. По многу закони правиме договори, разговори и со ММФ и со Светска банка, јас не сум убеден однсоно сум убеден во спротивното дека принципиелно, ако ние го внесеме во систем, нема да има сериозни забелешки од меѓународните финансиски институции, бидејки тоа е наш проблем, а да не се доведе во прашање реализацијата на законот сега со капиталното пензиско осигурување кое деновиве започнува односно започнува агитацијата околу тоа.

Сакам да кажам дека го подржувамовој закон. Сметам дека политички и правни импликации нема да има, финансиски ќе има, Владата сигурно дека ќе мора да смогне сили да најде кои се тие приоритети. Едно од прашањата што заслужува приоритетно решавање е и ова и деак тоа нема да биде голем товар на Буџетот на Република Македонија. Ако тоа не го направиме, бидете сигурни, не само овој гнев на избирачите кон нас како пратеници што секојдневно преку медиумите се истура, туку дефинитивно ќе кренат раце и не знам дали и понатаму ќе не сметаат за нивни претставници односно луѓе во чии раце го даваат

својот глас и суверенитетот преку нас го пренесуваат во Собранието, да можат утре да имаат доверба за прописите што натаму ќе ги носиме и во другите сфери на животот.

Уште еднаш сакам да кажам дека овој закон треба да го подржиме и ги молам сите пратеници кои имаат обврска, барем од оној морален аспект, заради Законот што сам си го донесовме, исто така да го подржиме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Има збор пратеникот Трендафилоф Ѓорѓи.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилоф:** На почетокот сакам да го изразам моето јавно усогласување во голем дел од она што го кажа колешката Крепиева во нејзиното образложение како овластен претставник на предлагачите.

Таа во своето излагање спомна дека таа и нејзините колеги имаат намера и понатаму да работат и да предложат измени и во самиот Закон за пензиско осигурување затоа што нависитна одредени коефициенти во ставките на осигурениците се изненадувачки во поглед на професијата која самиот осигуреник ја има и до колку таквите законски решенија се најдат во Собранието, и јас, верувам и останатите пратеници на ВМРО-Народна партија ќе го дадат својот максимален придонес.

Овој закон, можеби, барем како дискусија поттикна нешто што не сме виделе можеби подолг период во Собранието, пратеници од левицата и десницата да дискутираат или да споделуваат заеднички мислења, без оглед дали тие се против законските решенија кои денес се на дневен ред, или ги поддржуваат. Јас ги подржувам законските измени кои денес се на дневен ред, не само поради она што господинот Петковски го кажа, притисокот од лгасачите, нешто што, признавале јавно или не признавале, сите пратеници повеќе или помалку секако дека го имаат.

За да го поткрепам ова мое тврдење, сакам да викажам дека некаде пред помалку од еден час заврши еден состанок во Касарната во Велес каде сеуште, а верувајте тие се офицери, не се неписмени луѓе, сеуште се обидуваат да се пронајдат дали се на некаква листа од 132 кои треба да ја напуштат Армијата на Република Македонија, значи офицери, подофицери и граѓански лица и кој од нив може да претендира да го оствари своето право на пензија. Бидејќи скоро еден час расправаат, последната информација е дека тие сеуште не знаат што им се се случува таму. Од тие причини, особено во почетокот на излагањето на госпоѓа Крепиева, од хуманиот карактер, сите сме свесни дека ние од ова нема да направиме некаков економски бум во Република Македонија или дека ќе ослободиме десетици илјади работни места. Но, интересно е кога се појави во јавноста прашањето дека ќе има законски измени или дека во Собранието ќе се расправа за тоа, верувам дека кај мнозина пратеници и лични и писмени барања имаше. Тие се поделени на две категории, оние кои работат во индустријата, физички работници, слабо платени, тие очекуваат овој закон да помине во Собранието и обратно, оние кои се добро платени, кои се занимаваат со интелектуални дејности, тие би сакале што е можно повеќе да останат во рамките на нивните работно способни можности и да ги извршуваат обврските кои до сега ги извршуваа. Само да ве потсетам, дури и Владата на Република Македонија во низа свои институции има ангажирано луѓе кои пред 10 години би требало да бидат веќе заминати во пензија, без оглед дали станува збор за измените, значи со изменувањето на Законот или со стариот Закон. Тоа се директори на училишта, директори на подрачни единици, високи владини функционери. Да не разговараме само од аспект и гневот кон Владата да се насочува исклучиво кон Собранието затоа што јас лично очекувам министерот за финансии кој не присуствува на оваа седница, тој долго време е навикнат да контактира со Собранието само преку јавните изјави. Значи овие измени, без оглед како ги третира Министерството за финансии кое самото кажува дека има доста растоварување во Буџетот, во поглед растоварување на јавната администрација од 34 вработувања кои биле извршени во некој друг период. Овие измени, сепак нека бидат не повеќе од 1000 луѓе кои во моментот се гледаат себе си на работни места во поглем дел од државнит еинституции затоа што некои нивни повозрасни колеги ќе ја искористат можноста, или ќе треба да заминат во пензија.

Мислам дека Собранието на Република Македонија треба да ја искористи оваа можност затоа што, спомнав, ретко се случува пратеници од левицата и од десницата да се согласат по одредени прашања кои не се однесуваат на прашања од сферата на надворешната политика или од сферата на внатрешната безбедност, тукуисклучиво од еден економско-социјален закон кој верувам дека нема да го растревожи претерано минситерот за финансии, па да го гледаме преку викендов, до колу, се разбира, Собранието се раеши да даде подршка.

Јас уште еднаш сакам да истакнам дека навистина го ценам трудот што госпоѓата Крепиева го има внесено во подготовките на овие законски измени јас ќе гласам за истиот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да ги објаснам мотивите односно како еден од предлагачите на законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе са обидам да го кажам сопствениот став по законското решение.

Ќе бидам мошне кратка од едноставна причина што аргументите кои одеа во прилог на подршка на законот кој го предлагаме, беа толку многу опширни, толку многу конкретни, така што навистина не би сакала да ги повторувам истите.

Иако, како педагог знам дека од педагошки аспект, нешто да влезе во меморијата на поединецот треба најмалку 7 пати да се каже едно те исто. Јас сметам дека сите мои колеги кои пред мене се искажаа по Предлогот на законот, кажаа толку многу работи со кои јас, исто така се согласувам и нема потреба повторно да ги повторувам.

Исто така сметам и ги поддржувам сите оние кои сметаат дека со пролонгирање на рокот од две години до 1 септември 2007 година нема да ги надминеме, или да ги разрешиме сите дилеми и сите проблеми. На 1 септември 2007 година ќе имаме категорија на граѓани кои за еден ден, за една недела, еден месец, или една година нема да го остварат правото за прензионирање според постојниот закон. И тие граѓани кои ќе се најдат во таква состојба, ние за две години не можеме да ги надминеме сите состојби кои што се со стечајните работници, со технолошките вишоци,со граѓани кои припаѓаат на таа категорија на кои им е потребно разрешување на овој проблем и тогаш повторно ќе се соочиме со една состојба и истите ќе сакаат повторно пролонгирање на ова законско решение.

Како што спомна колешката Крепиева, јас го поддржувам мислењето и ќе бидам една од иницијаторите и постојното законско решение и законското решение кое како реформско се предлага во себе да содржи и други елементи, односно не само години на старост, туку и минат труд кој ќе биде пресуден за стекнување на правото за пензионирање. Но, исто така, треба да се размислува и за одредени категории на граѓани кои беа спомнати кои не би биле во можност да работат онолку многу колку што предвидува законското решение. Затоа уште еднаш сакам да кажам дека ќе го поддржам законот и мислам дека сите оние кои ќе го поддржат ќе направат нешто што не само времено ќе ги надмине проблемите и ќе ги разреши проблемите на поединци, но ќе даде и можност во овој приод кој ќе преостане да дојдеме до едно најдобро законско решение кое сигурно ќе биде и во прилог на државата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Станковска.

Имаме барање од група на пратеници да имаме пауза. Пред да дадам пауза сакам да информирам, од пратеничката група на ДУИ сум известен дека заради нивни партиски обврски во понатамошниот тек на денешниот ден не се присутни. Ние имаме една практика да ја прекинуваме седницата по обичај кога некоја од пратеничките групи побара. Тие не побараа, туку само известија дека имаат средба на Централното претседателство и дека не можат понатаму да учествуваат.

Второ, на самиот почеток на седницата слушнавте имаме 32 најавени отсутни пратеници. Во оваа пауза која што сега ќе ја дадам од половина час до 16,15 часот, молам со координаторите да се договориме да видиме колку пратеници имаме присутни, со оглед на тоа што имаме уште 4 пратеници пријавени за дискусија, за да можам да го планирам текот до крајот на седницата.

(Објавувам пауза до 16,15 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,20 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе, имајќи во предвид дека досега се изјаснија поголем број пратеници по Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување на кој закон сум и јас потписник. Задоволен сум што сите пратеници се изјаснија позитивно. Од тие причини ќе настојувам да бидам што пократок, да не одземам време и да не повторам скоро ништо од тоа што е кажано.

Потребата за донесување на овој закон за изменување и дополнување е и те како очигледна од причини што измените кои што се направени на Законот во 2002 година се направени без доволна анализа дали таквото нешто ќе може да профункционира во 2005 година кое нешто се покажа денеска дека е недоволно анализирано. Од тие причини предложивме да се продолжи рокот до 1.07.2007 година. Тоа е сторено од причини што со измените кои се направени во 2002 година е покрената само староста на работниците за одење во пензија и тоа кај жените на 62 години, а мажи 64 години кое нешто денеска во практичниот живот и не може да се спроведе, имајќи во предвид дека во Република Македонија има такви работи каде што не овозможуваат одредени категории на луѓе на таква возраст да ги обавуваат истите работи. Ако го земеме градежништвото, кој е тој работник маж кој на свои 64 години би се качил на некоја зграда, која што е негова професија на некоја висина од 10, или 20, метри висина што не може тоа да го направи. Исто така, не можат да бидат возачи кои што поминале старост над 60 години без посебен преглед да вози автобус, или било какви товарни возила каде што рефлексот и физичката кондиција кај таквиот работник е сосема намалена. Што би кажале за категоријата жени во Република Македонија претежно тие работат во конфекции и која е таа жена што би била конфекционерка на 62 години и кој е тој работодавец што ќе ја чува таквата работничка. Недоволно е анализиран фактот од страна на Владата дека треба да се продолжи тој рок се со цел да се направи еден поадекватен закон во кој што ќе има повеќе варијанти и повеќе можности при пензионирањето на работниците. Исклучиво е тргнато дека доколку се продолжи рокот кој што до сега важел дека Фондот за пензиско ќе добие економски крах, или Буџетот ќе биде прилично оптоварен. Јас не би мислел така, бидејќи сепак, тоа е така кажано повеќе произволно без да има

некоја посебна анализа. Основна цел е ние малку да се свртиме кај зголемување на бројот на вработените, ако успееме бројот на вработените да расте со што поголема динамика од година во година покрај вработување на оние лица кои што ќе отидат во пензија и уште поголем број на други нови вработувања, тогаш сметам дека нема да се појават никакви проблеми, тешкотии, во Фондот за пензиско осигурување. Од тие причини сметам дека, се укажува за потреба да го продолжиме рокот и сите пратеници да се изјасниме позитивно во тој дел, а во овој период од тие две години кои што ги даваме со овој Предлог на закон да важи стариот закон досега. Треба и те како интензивно работење на еден нов закон за пензиско и инвалидско осигурување во кој би имало место да се искажат како пратениците така и научни структури, да се земат компаративни закони од други држави и во секој случај кај нас е неопходно да се напушти идејата и желбата дека единствен услов за пензионирање е некоја старосна граница. Ако денес не се прифати овој закон, ние во Република Македонија ќе имаме луѓе кои што ќе одат во пензија со 15 години работен стаж, а одредени луѓе ќе одат и со 45 години. Имајќи во предвид дека ако некој почнал да работи од 20 години до 64 години старост тој ќе има 44 години стаж, а додека во Законот за пензиско осигурување за пресметување на пензијата е земен најголемиот работен стаж од 40 години и 80% од основицата на остварени плати во текот на тие изминати години што укажува дека одредени категории на луѓе кои ќе имаат повисок стаж нема да им се пресметува повисока пензија. Сметам дека пратениците засега добро ја сватија оваа проблематика и бидејќи сите досега се изјаснија позитивно, јас уште еднаш би повикал и оние кои што имаат поинакво размислување, или се некаде недоволно одредени да го прифатат овој Предлог за изменување и дополнување на Законот. Така што да создадеме услови за работење и правење на еден друг поквалитетен закон кој што во наредните дали една година, или две години во тој период треба да биде донесен.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас веднаш во старт да кажам дека ќе дадам апсолутна поддршка на овој закон од многу причини. Прво, од морален аспект, затоа што неморално би било ако гласав за Законот за пратеници, да не дадам поддршка на едно вакво решение кое е сосема нормално и издржано, а на крај би кажал и човечки. Но, некако немам некоја посебна инспирација имајќи во предвид дека никој од Владата, иако ова е предложено од група на пратеници од 21 пратеник опфатени од сите политички партии, значи се најде некој меѓу партиски консензус. Не најде за сходно никој од Владата ниту министерот за финансии, ниту министерот за труд и социјална политика да се појават да не удостојат, ако можам така да кажам и со нивното знаење и умеење впрочем како професионалци во оваа Влада да ни кажат, дали ова што е понудено е во ред, или не е во ред? Колку ја оптоварува државната каса и буџетот или тоа е нешто минорно кое може да се проголта. Јас незнам каде се наоѓаат тие двајца луѓе и да ви кажам не ме интересира каде се наоѓаат. Но, боли фактот што ние 120 души овде како магарија дремеме и си кажуваме приказни меѓу нас, дали овој предлог треба да помине или не, а нашите министри буквално не можеме да ги видиме. Но, тоа не е состојба со оваа Влада, тоа е состојба од 1990 година наваму. Значи, третманот на пратеници може да се сведе еднакво на нула, за жал така е. Можеби некој иден состав, некои поербап пратеници од нас, македонски кажано ќе им кажат еднаш засекогаш стоп на извршната власт дека не можат со нас да си играат, едноставно да служиме како предмет, да не кажам марионети, сега притиснето копче, сега не притискајте копче. Значи, една неблагодарна ситуација во која не ставаат, а притоа дебело профитираат, затоа што потписите и парафите се кај нив. Што ние како пратеници можеме да парафираме? Дури не можеме еден ручек да платиме, ако ни дојдат гости мора да плаќаш од сопствениот џеб. Но, не се жалам. Ако не можеле тие да дојдат, барем можеле да пратат претставници и да го кажат ставот кој го изградиле или во Владата или во сопственото Министерство.

И она што го кажа колелгата Кондарко, апсолутно држи вода. Не треба човек да продава чесност и моралност, а притоа ќе видиме колку е чесен и морален во примерот со Меркатор, за кој не сакам однапред да говорам и однапред да обвинувам. Впрочем денеска по медиумите читам и од јавниот обвинител дека нешто таму се случувало, вакви, такви работи. Зборувам за моралот. Моралот за еден политичар е многу битна работа.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам, зборувајте за законот кој што е на дневен ред.

**Александар Флоровски:** Па се ова е во функција на законот. Јас не можам да ви говорам за закон од 2 страни без да опфатам сето она што значи придружна работа на законот. Јас сакам да ви кажам една друга работа, за состојбите во државата секогаш се криви пратениците, вклучително и вие како пратеник, потпретседател со некоја си фиктивна функција која не е ни многу битна, освен што треба да се расправате со нас овде. Да ви кажам друго, кога пратениците предлагаат без разлика од која политичка провиниенција се мора да најде некој за сходно да дојде, да не удостои, да каже: Господа пратеници, овој закон не го прифаќаме заради тоа што Буџетот ќе се оптерети за 5, 10, 15, 20 милиони евра, незнам, јас не сум математичар. Тоа е тоа што мене ме погодува и ги погодува сите пратеници овде. Затоа ја опфатив сета оваа работа, еден поширок аспект. И немојте да не ставате во рамки, па не сме ние коњи амови да ни ставате и говорете само за ова. Говорам за морал. Ако сакаме да имаме дигнитет, мора да покажеме дека колку, толку имаме некој морал, а не кој стигне да не гази, притоа извршната власт

никој не ја чепка. За се секогаш се криви пратениците, дежурни виновници.

Што да кажам за законот. Кажав дека апсолутно го прифаќам, апсолутно држи вода. Кој во оваа држава има направено демографски испитувања за да видиме колкава е староста на македонецот, 65, 64, 60 години, дали македонскиот маж може да издржи да работи, дали македонската жена може да работи до 62 години. Се е ова во функција на Законот. Мојот татко работник во Каросерија на 59 години падна болен и не знаеше за себе. И го чував до 67 години, буквално како цвеќе, само го вадиш, а ништо не чувствува. Говорам за една фактичка ситуација. Дали градежен работник на 64 години може да работи, или земјоделецот на 50 степени, на нива да копа и незнам што да прави. Земјоделието ми е послаба страна, но од прилика гледам што се случува. Се е во функција на законот. И прекинете со таа пракса: кажете за законот. Еве, говорам за законот. И при тоа некој говори за моралот. Дајте да бидеме отворени, да ги отвориме картите, да видиме кој е морален, кој е неморален итн. Имаме време и за тоа да говориме и верувам дека ќе се најде некој од оваа Влада да излезе и да каже што да се прави во една ваква ситуација при потпишани 21 пратеник од сите политички партии па да бира директива да не се гласа. Не гледам логика во ваквите работи. Ова што е предложено апсолутно држи вода. Ако не можеме нешто подобро да направиме, а што значи тоа подобро, барем еден од семејството да вработиме како што беше мотото, или онаа пропагандна цел на СДСМ, дајте барем да ослободиме незнам колку илјади вработени за две години, дајте луѓето нека одат во пензија, па не ги пролонгирајте да работат најмалку уште две години. Дајте нека проработи она човечкото чувство кај нас, да бидеме луѓе. А, човек на човек секогаш е волк, за жал. И повторно ќе излелеме од оваа сала надвор и кој стигне не плука, кој дофрла, кој ќе плукне пред тебе, кој ќе плукне зад тебе, досега никој не кренал рака на мене, но ми се случувало да ми свирнат, па да провоцираат, значи не е баш едноставна пратеничката функција. Немаме шанси да шетаме во црни возила со телохранители, ниту тоа го бараме. Но, бараме со овој закон колку, толку, да овозможиме на една група на луѓе од сите можни профили претежно она што значи работничка класа, доколку таа постои, а не знам ни колку постои да им овозможиме да одат порано во пензија, барем да видат некој благодет од нивното 40 годишно аргатување во државата, или 35 години. И сега, се прашувам и овој ли закон што се носи, не овој конкретниот, туку оној што е рестриктивен е во функција на реформските закони, макар и ние сме го гласале. Бевме едноставно гласачка машина, за жал. На тоа се сведовме како пратеници, затоа што немаме одбранбен механизам, затоа што кога ќе ти нареди некој од високото превасештенство некој си владика, поточно министер, ти мора да играш, затоа што ќе те заборават следните четири години. Состојбата е таква за жал. Моите размислувања околу овој закон, не кон ова решение кое е понудено од пратениците, туку околу самиот закон дека треба да се редефинира. Според мене да се најде модус во една поширока расправа каде што ќе бидат вклучени и сручни луѓе кои ја знаат оваа проблематика многу подобро од мене, а верувам и од мои колеги пратеници, да се најде решение. Која е таа оптимална граница до која што може да работи македонскиот маж, и која е таа оптимална граница до која што може да работи македонската жена. Имаме многу случаи, човекот отишол во пензија, не поминало пола година, починал. И што видел тој во животот? Од 18, 19 години работи, доаѓа време за пензија, се пензионира и преку ноќ го снемува. Еве, покојниот бог да го прости, екс наш колега Милан Ставрев. А се јавуваше секој втор, трет ден кај нас кај пратеници да праша што е со Законот. Како примери ги посочувам. Значи, да се редефинира самиот закон, тоа е апел до Владата, иако нема никој од Владата, можеби некој не слуша, иако не верувам, денеска е викенд, фатиле џаде, лево десно. Ние ќе работиме, ќе го работиме она што значи наш дел. Но, да не се случува во иднина кривицата за се што е лошо во државата да се префрла на пратениците, а медиумите секојдневно да не плукаат каде ќе стигнат, од лошо полошо, божем сме криминалци од највисок ранг. Чудо не видено.

Знам дека за ова ќе ме критикуваат медиумите, но да ви кажам многу и не ме интересира за нивните критики знаејќи во новинарството, денешното македонско новинарство до каде стигна. Се се однесува на сите, но уредувачката политика, за жал, е таква во многу медиуми. Свртете се малку на другата страна, на извршната власт, олабевете не нас пратениците да дишиме малце, оти дишиме на шкрги веќе. Пет дена не изедовте. И ширите дезинформации за 40 илјади денари пензија. Не е точно, основицата ниту е таа што ја пласирате, пласирајте барем вистини, а не со полувистини да баратате овде пред македонската јавност. Не сум лицемер, затоа и вака се обраќам.

Тука ќе завршам затоа што нема заинтересирнаи од Владата, а штом немате добри слушатели познавачи на проблематиката немам ни посебен мерак да говорам, затоа што самото неприсуство значи дека некој не ме есапи многу и тука ќе завршам.

Ќе гласам за предлогот на 21 пратеник, рокот да се пролонгира до 1.09.2007 година. Верувам дека многу пратеници од сите пратенички партии ќе застанат зад овој предлог, ако не можеме да направиме нешто добро барем ова денес да го изгласаме.

Толку од мене господине потпретседателе. Верувам не бев здодевен, не одземав многу време, не излегов од темата. Практиката на господинот Јордановски треба да ја заборавите, со него имаме друг муабет.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе. Почитувани колешки и колеги пратеници, пратеникот Флоровски не може да биде здодевен, секако, но заборави да наброи дека во работите што овие пратеници се обиделе да го донесат како закон, а не најде свое место во јавноста, тоа е што се откажавме од двата паушали, од кои од едниот минатата недела. Кажавме дека е во вредност од 150 илјади евра што се вратија во Буџетот на Република Македонија и да се искористат по економските области.

(Дофрлување од пратеник "реформи").

Е, за тој збор реформи сега малку земав збор, затоа што за жал зборот реформи од премногу употребување кај нас почнавме да го девалвираме и да се поигруваме со самиот тој. Или пак од друга страна да не го третираме исто, во зависност од тоа дали сме на власт или сме опозиција, или во зависност од тоа дали сакаме да добиеме некои поени на краток рок, наспроти стратешките чекори согласно реформските потези.

Деновиве сме сведоци дека после нашата посета или посетата на потпретседателката на Владата Радмила Шекеринска во Брисел, коментарите од неговата екселенција, господинот Оли Рен, кога станува збор за европроширување беа следните: макроекономската стабилност ви е одлична, тука немаме забелешки, работите кога се однесуваат на делот на реформите, бидејќи тоа не е збор со кој се подигрува Европа туку спроведување или донесување на европски закони и спроведување на реформите се клуч за започнување преговори на Македонија со Европската унија. Нема селективни решенија и импровизации, кога станува збор за нашиот пат кон Европската унија. Не постои зборот реформа, нема Р од зборот реформа ако кажеме дека ќе ги пролонгираме работите. Мораме да сфатиме дека реформите се болем процес, дека политичките елити, партии со визија се решаваат за реформите и тоа тешко се прави, затоа што тоа е болен процес, но ако мислиме добро на долгорочен план, мораме да одиме во тој правец и на тој начин да работиме. Ниедно решение што се одлага во животот не може да донесе добро нешто. Не може во 2000-та година да сме го гласале овој закон со реформско образложение, сега да бараме одлагање со популистичко образложение. Не може, тие две работи не одат заедно.

За разлика од тоа, од тука што можеме тоа да го направиме на краток рок, некој тоа го цени и некој тие работи ги мери и знае кој е тој став што некоја политичка партија го тера, а кој е тој став што некој го менува онака како што ќе сака.

Економските реформи се стратегиски пат на Македонија кон Европската унија. Ние знаеме дека постојаните услови што ни ги поставуваат треба да бидат обврска на нас континуирано да работиме, а не да се демотивираме и да ги оставиме работите да течат онака како што би не понела атмосферата. Таквиот стратегиски пат можеме да го гледаме политички, можеме да го гледаме економски. Можеме да го гледаме во некои параметри, можеме да го гледаме во некои теоретски сознанија. Не може да кажеме, како што некои пратеници овде кажаа, одредена генерација, и самите пратеници тоа го рекоа ќе биде дискриминирана. Ние знаеме дека некоја друга ќе биде дискриминирана, ама во овој момент тоа не е податливо, туку ќе биде податливо во 2007 година, повторно некој да каже дека сигурно некој работник и тогаш ќе има еден ден до пензионирање, некој ќе има една година, некој ќе има две. Но понекогаш мора да се постави црта, ако во 2000-та година тоа бил реформски процес за кој што се фалиме, ако тоа е во согласност со некои акти, тогаш ајде да се зафатиме навистина со реформите. Реформите мора да сфатиме дека се прават со консензус и доколку опозицијата мисли дека може да се злоупотребат некогаш реформите, ништо не сме направиле на тој план.

Кога зборувавме за Законот за референдум, тогаш третиот став беше клучен, а за првиот став никој не зборуваше. Зошто никој не зборуваше? Затоа што првиот став се однесуваше на Буџетот. Освен колегата Жарко Караџоски како претседател на Комисијата за финансирање и буџет кој кажа дека Буџетот е работа со која не можеме да се поигруваме како што сакаме, не може тоа да го ставиме на дневни потреби, затоа постојат анализи, постојат тимови што го прават и не може тоа да биде прашање на референдум, бидејќи сигурно граѓаните ќе одлучат во било која држава да плаќаат нула давачки од некаде државата да ги наоѓа тие пари.

Затоа, Владата се обврзала и во своето образложение дала одредени бројки и тие бројки јасно кажуваат каква е проекцијата на Владата, на Буџетот не само оваа година, туку и во наредните три години.

Врз база на проекцијата на буџетот на Владата, ние соработуваме или се договараме, ако сакате и сме под мониторинг на ММФ и Светската банка. И тука знаеме често да ги девалвираме работите и секогаш сакаме да дадеме некој пример дека постојат некои држави што можат без ММФ, па често Словенија знаеме да ја кажеме како пример. Мониторингот што го прави ММФ и договорите што ги има со одредени држави влијаат и на кредитниот рејтинг на државата и на позицијата на државата во светските институции за финансии. Словенија долго време се обидуваше да кажеме дека такви компаративните предности и тоа може да го прави без ММФ. Заради тоа понекогаш добиваме негативни оценки, но тоа не ги интересирало. Но во моментот сега кога треба да стане збор за преземање на паричната единица евро тогаш Европсакта унија вели немате договор со ММФ и имате лош негативен кредитен и друг рејтинг, финансиска мерка или финансиски индикатор согласно со ММФ-критериумите. Затоа, да не се залажуваме дека можеме да бидеме надвор од

глобалните текови. Кога зборував на минатата седница реков, денешниот свет го водат два феномена, технологијата и глобализацијата. Ние можеме да изигруваме изолиран остров, но тоа не може да им донесе на граѓаните на Македонија успех на долгорочен рок.

Затоа, СДСМ се определи доследно да ги спроведува реформите. Знае дека се болни, знае дека се тешки, но се реши да ги исполнува тие критериуми. Затоа кредитниот рејтинг на Република Македонија расте и тоа не треба да биде задоволство само на одредена политичка партија, напротив, на сите политички партии. Затоа, степенот на договор што го имаме со меѓународните финансиски институции расте и довербата во финансиската стабилизација расте, па конечно гледаме дека одредени странски банки сега стануваат заинтересирани за да се појават на пазарот. За разлика од тоа што во Владата има квалитативни индикатори, бројки, проценки и за бројот на корисници и за финансиските средства што се потребни, она што во ова образложение фали, а тоа е согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, членот 136, каде што во членот 136 став 3 вели: "Предлогот за донесување на закон мора да биде образложен", ама во образложението во став 3 вели: "износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот". За жал, во ова образложение вели: "За спроведување на овој закон потребни се финансиски средства од Фондот за пензиско". Износот ни треба.

Затоа, во име на пратеничката група на СДСМ како координатор бараме еден час пауза за да се спроведе членот 136 и членот 137 од Деловникот на Собранието, каде што предлагачот треба да го усогласи својот предог со образложението согласно членот 136 од Деловникот, да ги видиме бројките кои се потребни за спроведување на овој закон и така да направиме споредба дали овие бројки се доволни некој да ја донесе својата одлука или не.

Затоа, почитуван потпретседател, во име на пратеничката група согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам еден час пауза, толку колку што ни дозвлува Деловникот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Со оглед на тоа што сега е 16,50 часот, денес требаше да работиме до 18,00 часот, а сакавме да го искористиме денот, затоа започнавме во 14,00 часот, со оглед на тоа што дел од комисиите држеа седници, и онака имаше присутни пратеници, а за да продолжиме после еден час по паузата ќе имаме само 10 минути до 18,00 часот, овде ја прекинувам седницата по барање на пратеничката група на СДСМ.

Продолжението ќе биде дополнително закажно, односно дополнително ќе бидете известени за продолжението на седницата.

(Седницата прекина во 16,50 часот).